Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Јане Петрушевски од Куманово УП2 09-48/24 од 8 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-550 од 31 јули 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-550 од 31 јули 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Јане Петрушевски од Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-48/24 од 8 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-550 од 31 јули 2023 година на КЕЦ Куманово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на викенд куќа.

Според Електродистрибуција – падот на напонот е вон дозволените граници, односно на крајот на изводот е 16,54%; објектот е на 200m од нисконапонската мрежа, не е доставен доказ за сопственост а и за тоа подрачје нема урбанистичко-планска документација.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-48/24 од 8 февруари 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение

-Имотен лист

2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 26 февруари 2024 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

-GIS скица

-Извештај за падот на напонот во мрежата

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, парцелата е далеку од постоечка електроинфраструктура а нема урбанистичко-планска документација за да може да се планира изградба на приклучок до објектот на жалителот.
Исто така, вредностите на падот на напонот се над дозволените граници.

Согласно член 74 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) техничките карактеристики на местото на приклучување во дистрибутивниот систем подразбираат технички услови кои се однесуваат на отстапување на напонот.

Согласно ставот (2) од истиот член, корисник кој бара приклучок на дистрибутивната мрежа на местото на приклучување мора да ги исполни техничките услови од став (1) од овој член.

Согласно член 76 став (2) точка 1), пропишаните граници на отстапување од номиналниот напон во нормален режим на работа се ±10% за низок напон (0,4 kV).

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–48/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**